Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Министерството за правда врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ„ бр.101/19) одлучувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер УП1 бр.19-2350/2021 доставено од , преку полномошникот надворешен соработник - експерт, со адреса на ул.
**донесе**

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер УП1 бр. 19-2350/2021 с**е одобрува** и се дава следната информација:

1.- за точката под број еден од Барањето, Министерството за правда Ве известува дека не води евиденција на здруженијата по територијална припадност. Министерството за правда согласно член 10 став (9) од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19) води Регистар на здруженија овластени за давање на примарна правна помош во писмена и електронска форма и го објавува и ажурира на веб страницата на Министерството www.pravda.gov.mk.

2.- За точките под број два, три и четири од Барањето, Министерството за правда Ве известува дека согласно одредбите на Законот за бесплатна правна помош, нема обврска да ги води бараните статистички евиденции.

3.- Министерството за правда согласно член 44 од Законот за бесплатна правна помош поднесува Годишен извештај за бесплатна правна помош и го објавува на веб страницата www.pravda.gov.mk.

Извештајот особено содржи податоци за:

-бројот на лицата на кои им била дадена примарна правна помош,
-бројот на поднесени барања за секундарна правна помош,
-бројот на одобрени барања за секундарна правна помош,
-бројот на одбиени барања за секундарна правната помош,
-бројот на донесени решенија со кои се прекинува Одобрената секундарна правна помош,
-правната работа за која се одобрува или се одбива правната помош,
-број на здруженија кои даваат примарна правна помош,
-број на правни клиники кои даваат примарна правна помош,
-број на адвокати кои даваат секундарна правна помош,

-буџет наменет за бесплатна правна помош,
-износ на средства исплатени за бесплатна правна помош,
-износот на вратените средства од наплатени трошоци за правната помош.

## Образложение

преку полномошникот ,
надворешен соработник - експерт до Министерството за правда достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер во кое побара да му бидат дадени: 1. податоци за лиценцираните здруженија кои даваат бесплатна правна помош во Полошкиот регион (Општина Тетово, Општина Гостивар и сите рурални општини кои гравитираат кон Полошкиот регион); 2. Бројот на жени жртви на родово базирано и семејно насилство кои добиле бесплатна правна помош во Полошкиот регион поодделно и за жртви на родово базирано насилство и семејно насилство за периодот 2020 година. и I (прв) и II (втор) квартал од 2021 година; 3. видот на помошта која ја добиле и тоа поделено како иницијална правна помош и секундарна правна помош за периодот 2020 год. и I (прв) и II (втор) квартал од 2021 година; 4. бројот на жртви на кои им била дадена бесплатна правна помош за изрекување на привремена мерка за заштита независно од нејзината имотна состојба за периодот 2020 година и I (прв) и II (втор) квартал од 2021 година.
Министерството за правда го разгледа Барањето и достави одговор по истото.
Со оглед на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА
Раководител на сектор
Убавка Матевска Скаловска

УП1 бр. 19-2530/2021
24-11-2021 год.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification